Јавно претпријатие за стопанисување со државните шуми
Ndërmarrje publike për menaxhimin me pyjet shtetërore
НАЦИОНАЛНИ ШУМИ П.О.
PYJE KOMBËTARE P.P.
Бр./Nr. 02-158/6
11-04-2023 20 год./viti
СКОПЈЕ - SHKUP

Врз основа на член 37 - м од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија" бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 275/19 и 89/22) а во врска со Огласот за вработување на определено време бр.02/2023 до 31.12.2023 година, објавен во дневните весници „Нова Македонија", „Вечер" и „Коха", Директорот на Јавното претпријатие за стопанисување со државни шуми „Национални шуми" - Скопје донесе:

**О Д Л У К А**
**за избор на работници на определено време за период до 31.12.2023 година**

**Член 1**

Од пријавените кандидати по огласот бр.02/2023, се врши избор на работници на определено време за период до 31.12.2023 година по следниот редослед :

1. За **Подружница ШС „Лопушник"- Кичево** за работно место Соработник за евиденција на побарувања и обврски се врши избор на следниот кандидат :

- Сашо Савески

Со избраните кандидати ќе се склучи договор за вработување на определено време до 31.12.2023 година за вршење на работите за погоренаведените работни места.

Оваа одлука влегува во сила од денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

Врз основа на објавениот јавен оглас за засновање на работен однос на определено време за период до 31.12.2023 година за погоренаведените работни места распоредени по Подружниците на ЈП „Национални шуми" – Скопје, од пријавените кандидати се донесе одлука да се примат кандидатите кои ги исполнува општите и посебните услови од јавниот оглас, а согласно правото на слободно одлучување од чл. 21 од ЗРО, Директорот на ЈП „Национални шуми" - Скопје одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Упатство за правно средство**: Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право на жалба во рок од осум дена сметано од денот на објавата на огласната табла и на интернет страната на ЈП „Национални шуми" – Скопје, до надлежен орган согласно закон.

**Доставено до :**
-Архива
-Правен сектор
-Подружница
-Агенција за вработување

**ЈП „Национални шуми" Скопје**
**Директор**
**Валентин Груевски**

CamScanner